Работа со компјутер и основи на програмирањето за 4 одд

**ТЕМА: Креирање едноставни програми во „Скреч“**

## ЧАС 8: Провери колку научи-кодирај со Дина и Додо

повеќе активности ќе најдете во вежбанката по предметот Работа со компјутер и основи на програмирањето за 4 одделение. со клик на сликата се овозмува пристап до интернет-страницата за нарачка.




Во оваа активност ќе ти помагаат Дина и Додо кои се во потрага по богатството на шпиратите.




За целата авантура можеш да прочиташ во книгата „Шмогатсвото на шпиратите“ во издание на „Арс Ламина - публикации“, Скопје.




**А)** Состави програмски код со кој Дина и Додо со бродот ќе се движат низ лавиринтот и ќе стигнат до островот на шпиратите.
Исечи ги блоковите и залепи ги во правилен редослед на движење на бродот низ лавиринтот. Ако недостига некој блок, нацртај го.
За полесно да ги одредиш чекорите на движење нацртај квадратна мрежа врз лавиринтот.
Едно квадратче на мрежата се смета за еден чекор.
Програмата треба да стартува со допир на бродот и да заврши во моментот кога бродот ќе излезе од лавиринтот.
Кога бродот ќе излезе од лавиринтот, да се појави текст „СТИГНАВМЕЕЕЕ! ЈУХУУУ!“ и да се слушне радосен звук.
Зачувај го проектот под име Vezba_6.

**Б)** Некаде на островот е закопано богатството на шпиратите. Дина и Додо треба да копаат за да стигнат до богатството. Напиши програмски код со кој тие ќе се движат низ лавиринтот нацртан со жолта боја.
За полесно да ги одредиш чекорите на движење нацртај квадратна мрежа врз лавиринтот. Ако недостига некој блок, нацртај го.
Едно квадратче на мрежата се смета за еден чекор.
Програмата треба да стартува кога Дина ќе каже „КОПАЈ!“ и да заврши во моментот кога ќе стигнат на жолтата стрелка што покажува кон богатсвото..
На крајот од програмата, да се појават Дина и Додо како скокаат од радост и извикуваат „ГО НАЈДОВМЕ БОГАТСТВОТООО!“
Зачувај го проектот под име Vezba_7.

